# ШТО ПРАВАТ ДЕНЕСКА

## Јана Андреевска
**- композиторка**



Рано заминувам на работа. Предавањата траат некаде до 13 часот, а потоа следува средбата со мојата пријателка од детството, која живее во Канада. Попладнето е резервирано за моето семејство, а вечерта, ќе ја минам во друштво на пријателите, обидувајќи се да им надоместам за времето, што наместо со нив, го минав врз мојот магистерски труд.

## Дејан Лилиќ
**- актер**



Во еден краток период ги полнам батериите за еден подолг, нареден, не губејќи ги времето, ни енергијата, ги спојувам атомите во одредена цел и создавам нешто ново во мене. Се разбира, обичните дневни обврски не излегуваат од распоредот, било да се банални, или најважни. Како и да е, секое утро се будам среќен и се чувствувам најдобар.

## Искра Димитрова
**- вајарка**



Утрото и целото претпладне се посветени на работните обврски во Универзитетската библиотека. Околу ручек , уште една обврска: треба да пополнам апликација за постдипломски студии во Германија. Попладнето работам на авторското ЦД, т.е. треба да скенирам некои фотографии, а вечер сакам да посетам две изложби. И овој ден е исполнет!

## Свето Стефановски
**- г. уредник на "Екологија" и "Здравје"**



Се трудам секој ден да ми биде разнообразен, на така овој би требало да се одвива по следниов распоред - на работа стигнувам околу 8 часот и веднаш почнувам со уредувањето на списанијата и компјутерската обработка. Околу 15 часот - ручек со домашните, а попладнето се подготвуваме и семејно заминуваме во моето родно село Добреноец, во близината на Охрид.